Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Врз основа на Програмата за волонтирање во Управата за јавни приходи за 2012 година, бр.04-4177/1, се објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за аплицирање на кандидати за волонтирање во Управата за јавни приходи

Управата за јавни приходи има потреба од ангажирање на волонтери, поради што се повикуваат сите заинтересирани кандидати со завршено високо образование од областа на правните, политичките, економските и другите општествени науки да се пријават на јавниот повик врз основа на кој се организира волонтерска работа во Управата за јавни приходи и нејзините внатрешни организациски единици и тоа:

| Организациска единица | Со високо образование |
|---|---|
| ГЕНЕРАЛНА ДИРЕКЦИЈА СКОПЈЕ | 5 |
| ДИРЕКЦИЈА ЗА ГОЛЕМИ ДАНОЧНИ ОБВРЗНИЦИ СКОПЈЕ | 2 |
| РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА СКОПЈЕ | 3 |
| РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА БИТОЛА | 3 |
| ДАНОЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ОХРИД | 1 |
| ДАНОЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИЛЕП | 1 |
| РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА ШТИП | 3 |
| ДАНОЧНО ОДДЕЛЕНИЕ КУМАНОВО | 1 |
| ДАНОЧНО ОДДЕЛЕНИЕ СТРУМИЦА | 1 |
| РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА ТЕТОВО | 3 |
| ДАНОЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ГОСТИВАР | 1 |
| ДАНОЧНО ОДДЕЛЕНИЕ КИЧЕВО | 1 |
| РЕГИОНАЛНА ДИРЕКЦИЈА КАВАДАРЦИ | 3 |
| ДАНОЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ВЕЛЕС | 1 |
| ДАНОЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ГЕВГЕЛИЈА | 1 |
| **Вкупно:** | **30** |

Волонтерската работа ќе се извршува за времетраење од 6 (шест) месеци, во просториите и во местото кое е седиште на организациската единица на Управата за јавни приходи.
Заинтересираните кандидати кои сакаат да аплицираат за волонтирање потребно е да приложат уредна документација која треба да содржи: 1) Доказ за завршено образование и 2) Писмо за интерес со кратка биографија и податоци за контакт.
Потребите документи треба да се достават директно во архивата или преку пошта на следната адреса:

Управа за јавни приходи
Генерална дирекција Скопје
Сектор за човечки ресурси
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје
со назнака: „за јавен повик за волонтирање во Управата за јавни приходи"

Рокот за доставување на документите изнесува 5 (пет) дена сметано од денот на објавувањето на јавниот повик во дневниот печат.
По истек на рокот за доставување на документи, сите кандидати кои поднеле уредна документација ќе бидат дополнително повикани на интервју во просториите на УЈП.
Селекцијата за кандидатите ќе се врши од страна на стручна Комисија формирана од директорот на УЈП, а врз основа на следните критериуми: 1) до 10 бода за постигнат успех во образованието и 2) до 10 бода за општ впечаток и познавања поврзани со работата на УЈП, делокругот и законската регулатива.
По завршување на постапката на селекција, избраните кандидати ќе бидат повикани да започнат со вршење на волонтерска работа во Управата за јавни приходи.